# СКРИЕНАТА ЕКОНОМИЈА ВО ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА: КРЕИРАЊЕ НА РЕГИОНАЛЕН ИМПУЛС ЗА УБЛАЖУВАЊЕ НА НЕЈЗИНИТЕ НЕГАТИВНИ ЕФЕКТИ

## Осврт на политики, декември 2016[1]

Институционалната асиметрија и неусогласеноста помеѓу формалните и неформалните институции дава подобро објаснување за распространетоста на непријавена-та работа во Југоисточна Европа во споредба со потрадиционалните модели на трошоци со оптимизација на исплатливоста за работниците и работодавачите.[2,3] Слично на тоа, институционалното отстапување може подобро да се објасни и со разликите во статистиката за меѓународна трговија приложени од страна на земјите од ЈИЕ и од страна на нивните партнери.[4] Истражувањата покажаа дека нивото на корупција во земјите увознички влијае на структурата на извозот на нивните партнери. Протокот на стока и пари преку границите во

### КЛУЧНИ ПОЕНТИ

- Целосно или делумно **непријавување на економските активности во земјите од Југоисточна Европа** останува широко распространето во речиси сите области на владеење- дозволи и лиценци, колективни договори, социјално осигурување, даноците и царинските давачки. Ова значи постојан јаз помеѓу формалните и неформалните институции и недостаток на доследна примена на правилата.
- **Притисокот од корупција** е повисок кај оние кои се вклучени во сивата економија. Во исто време нивната подложност на корупција е исто така висока, потврдувајќи ја институционалните неусогласеност.
- Огромната **разновидност на уделите** (од 19 % во Хрватска до 81 % во Косово*), **доминантните модели** (нема писмени договори во Турција, неплаќање на придонесите за здравствено осигурување во Косово*, примања во плик во Македонија и Бугарија, неформализиран бизнис во Албанија), **формални наспроти неформални просечни плати** (повисоки формални плати во Босна и Херцеговина, Албанија и Турција, а помали на Косово* и во Бугарија) изискува одредени **наменски политики за секоја земја и континуитет на реформите**.
- Делувањето во **скриената економија во земјите на Југоисточна Европа е често социјално вградено**, културно и образовно предодредено, и не е само прашање на рационален избор за да се зголеми личната корист. Ефективната економска политика за ублажување на негативните ефекти на непријавена работа не треба да биде само монетарна или фискална, но сеопфатна социјална политика.
- **Отсликувањето на статистичките податоци** укажува значајни институционални недостатоци во царинските управи каде само 10 % од вкупниот увоз на не-ЕУ земјите од ЈИЕ, од земјите на ЕУ или самите тие, имаат помалку од 5 % разлика како што е соопштено од страна на увозниците и извозниците.

---

1 Овој осврт на политики е подготвен од страна на д-р Тодор Јаламов, вонреден професор на универзитетот во Софија и СЕЛДИ експерт, и е ревидиран од страна на професорот Колин Вилијамс, д-р Питер Роџерс, и Руслан Стефанов од Универзитетот на Шефилд школата за менаџмент. Тој се заснова на наодите од работата на СЕЛДИ за скриена економија во Југоисточна Европа, како и на проектот на GREY Марија Кири.

2 Вилијамс, Ц.Ц. и Хородник, И.А. 2015. Објаснување на распространетоста на нелегитимните практики на исплата на плати во Југоисточна Европа: институционална анализа. *Општество и политика во Југоисточна Европа, 20*(2), стр. 203-221.

3 Вилијамс, Ц.Ц. и Хородник, И.А. 2015. Справување со неформалната економија во земјите од Југоисточна Европа: институционален приод. *Студии на Југоисточна Европа и Црното Море 15*(4), стр. 519-539.

4 Ламбстдорф, Ј.Г., 1998. Емпириско истражување на поткупување во меѓународната трговија. *Европски весник на развојно истражување, 10*(1), стр. 40-59.

* Косово (under UNSCR 1244/99).

*Овој осврт на политики е изработен со финансиска поддршка на Европската унија, на Глобалниот фонд за истражување на предизвици (ГЦРФ) и Советот за економски и социјални истражувања (ЕСРЦ).Ставовите изразени во него не нужно ги одразуваат ставовите на Европската комисија, ГЦРФ и ЕСРЦ.*

Југоисточна Европа се клучни за економскиот раст, но исто така и со начинот на кој тоа се реализира се поттикнува нелегитимната практика. Пристапите на политиката против сивата економија треба да се фокусираат на директни контроли за откривање и казнување на фирмите и вработените кои не се сообразни или позитивно да ги дискриминираат сообразените со помал број на инспекции или преку обезбедување на грантови, индиректни контроли со кои би се затворил јазот помеѓу формалните и неформалните институци иуправување на сеопфатни кампањи за легализација.

Бидејќи скриеното пријавување, непријавувањето или непрописното пријавување на активностите е рационален одговор на недостатоците во институционалното опкружување, индиректните контроли може исто така да не бидат ефективни па можеби подобра цел за креаторите на политики би била трета опфатна цел.

Некои опортунистички фирми ги заробуваат институциите за спроведување на законот и самиот процес на легализација за да можат да гарантираат доминантна позиција за себе по завршување на процесот на легализација.

Значи, секоја политичка опција за борба против сивата економија треба да гарантира процедурална правда, во смисла дека легализацијата нема да резултира во нефер структура на пазарот.

## Макроекономски резултати и меѓународна трговија

Овој осврт на политики обезбедува различни проценки на карактеристиките на скриената економија во девет земји[5] од Југоисточна Европа врз основа на наодите од *СЕЛДИ Истражувањето за скриена економија од 2016 година*[6], *КомЕкст базата*[7] *на податоци на Евростат и други достапни извори.*

Земјите од ЈИЕ се разликуваат во големината и отвореноста на економиите. Црна Гора и Косово* се микро економии, Македонија, Босна и Херцеговина и Албанија се мали, Бугарија, Србија и Хрватска средни, додека Турција е голема. Во однос на отвореноста, Бугарија се издвојува со 131 % од трговијата како удел од БДП. Црна Гора, Србија и Македонија и Хрватска се умерено отворени. Турција, Косово* и Албанија се релативно затворени. Сите земји, со исклучок на Црна Гора имаат значителни разлики[8] во отсликувањето на статистичките податоци со големите трговски партнери. Помеѓу 54 % и 80 % од овие увози се скриени, а во еден случај

**Табела 1. Отсликување на статистичките податоци за селектираните економии: % повеќе (+)/помалку (-) пријавени увози од земјите на Југоисточна Европа vis-a-vis извозите кои се пријавени од страна на нивните трговски партнери (2015 година)**

| | АЛ | БиХ | БГ | ГЕР | ГР | ХР | ИТ | МК | ЦГ | ХОЛ | РО | КОС |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| АЛ | | 32 | -25 | 20 | -23 | -39 | -46 | 1 | 35 | -52 | -20 | 11 |
| БиХ | 31 | | 1 | 2 | -22 | -26 | 1 | 8 | -7 | -20 | 11 | |
| ЦГ | 36 | 3 | -44 | 52 | -3 | -17 | -4 | 19 | | -12 | -1 | -78 |
| МК | 21 | 1 | -19 | -28 | -27 | -21 | 2 | | 1 | 12 | -44 | -7 |
| ТР | 81 | 27 | -9 | -22 | -7 | -7 | -14 | 22 | -60 | -57 | -7 | 132 |
| КОС | 27 | | 1 | 85 | 286 | 3 | 180 | -8 | 15 | -25 | 10 | |
| СР | -10 | 7 | -27 | -20 | -7 | -38 | -27 | 1 | -41 | -55 | -44 | |

***Извор:*** *КомЕкст база на податоци, 2016 година.*

[5] Тоа се: Албанија, Бугарија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Косово*, Македонија, Црна Гора, Србија и Турција. За поедноставување, во овој осврт на политики, се спомнуваат наизменично како земји на СЕЛДИ, земји од ЈИЕ или балканските земји. Земјите од Западен Балкан значи балкански земји кои не се членки на ЕУ.

[6] Освртот на политики ги резимира наодите на заднинската *студија на СЕЛДИ за скриена економија и добро управување во Југоисточна Европа: Регионален извештај за оценка 2016 година.*

[7] http://epp.eurostat.ec.europa.eu/newxtweb/mainxtnet.do

[8] Отсликувањето на статистичките податоци е споредба за она кое земјата пријавува дека го увезува (извезува) од друга земја и она кое овие вториве пријавуваат дека е увезено (извезено) кон првите. Теоретски треба да биде иста или многу блиска.

официјалниот увоз надмина 85 % во споредба со податоците добиени од трговскиот партнер.

Отстапувањата по земја и трговија со земјите ЕУ28 плус земјите од ЈИЕ кои не се членки на ЕУ, се значителни. За Турција тоа е 26 %, потоа Црна Гора 28 %, Босна и Херцеговина 31 %, Македонија 36 %, Косово* 39 %, Србија 51 %, а во Албанија 52 % од пријавениот увоз. Ако разликите се пресметаат повторно врз основа на соодносот трговија со БДП, тогаш Србија, Македонија и Албанија се во полоша ситуација.

Земјите од ЈИЕ остваруваа реален просечен раст на БДП по глава на жител во изминатите 15 години од 3-4 % на годишно ниво, што е недоволно за поддршка на брзата конвергенција со ЕУ. ЈИЕ има стабилна, ниска стапка[9] на учество на работната сила од 2000 година (меѓу 41 % во Косово* и 56 % во Македонија). Романија, Албанија и Србија имаат пад во вработувањето, додека Македонија и Бугарија- пораст. Останатите продолжуваат да бидат стабилни.

**Невработеноста** во регионот **е сериозна причина за загриженост** и е во просек повисока отколку во 28-те земји на ЕУ. Уште позагрижувачка е **долгорочната невработеноста и невработеноста на младите** во секоја од овие земји. На пример, Босна и Херцеговина и Косово имаат повисоки стапки на невработеност кај младите од Грција и слични на оние во Шпанија, двете најлошо рангирани економии на ЕУ во овој аспект воочи глобалната економска криза. Во Босна и Херцеговина, дологорочната невработеност е 90 %, а во другите земји на Западниот Балкан таа е меѓу 70 % и 80 %, што значи дека невработените кои не се млади се практично исклучени од економијата и оставени да преживуваат од социјална помош и од скриена економија, или пак присилени да живеат во исклучителна сиромаштија. Многу домаќинства во земјите на ЈИЕ сè уште зависат од немонетарна економија (производство на своја храна и стокова размена) за да преживеат.

**Емиграцијата** стана моќен вентил кој го олеснува проблемот на домашната невработеност и сиромаштија преку вработување во странство, и со последователни дознаки на пари кон роднините дома. Зголемувањето на дознаките од странство од една процентна единица се поврзува со намалувањето на вработувањето од 1,8 проценти во земјите на СЕЛДИ. По сите наоди, **врската меѓу дознаките од странство, скриеното вработување и скриената економија е позитивна** во ЈИЕ.[10] Дознаките поттикнуваат внатрешна потрошувачка (зелените пазари по правило се скоро целосно скриени), служат како социјална безбедносна мрежа (поттикнуваат поризично скриено вработување) и ги зголемуваат домашните инвестиции и претприемаштво, често скриено (патувачка трговија, занаети, земјоделство). Често, и самите емигранти имаат скриени вработувања во европските земји кои ги прифаќаат. Албанија и Босна и Херцеговина искусија голем пад на дознаките кон роднини кои се примаат, но нивниот удел во БДП останува висок. Во 2000 година, дознаките изнесуваат дури 29 % од БДП на Босна и Херцеговина и 16,5 % од БДП на Албанија. Нивоата на дознаките паднаа на 11 % и 9 % од БДП во 2015 година. Од 2005 година, регионален лидер во дознаки е Косово, со просек од 18,8 % од БДП и со 16,7 % за 2015 година. Според овој индикатор, Косово е на 19-то место, а Србија на 39-то место на светско ниво[11].

# Плаќањето даноци и скриената економија

Поединците и компаниите во ЈИЕ се натпреваруваат во избегнување даноци, целосно или делумно, воглавно заради очекуваната маргинална корист на јавните добра и услуги кои се обезбедуваат или користат, минус трошокот на ризикот да бидат фатени додека не ги следат регулативите кој е многу помал, во однос на приватната добивка, отколку маргиналните алтернативни трошоци на плаќање на сумата која се должи. Нивото на даночни стапки и социјални придонеси објаснува меѓу 35 % и 52 % од варијациите на економијата во сенка во ЈИЕ според Шнајдер[12]. Сепак, *Истражувањето на СЕЛДИ за скриената економија за 2016 година* фрла сомнеж на претпоставката дека високите даночни стапки влијаат на тенденцијата

9 Вклучува население на возраст од 15+ години.

10 Споредете исто со A. Ivlevs: *Remittances and informal employment: evidence from transition economies*, mimeo, 19.4.2016.

11 Податоците се од World Bank.

12 Schneider, Friedrich, Buehn, Andreas and Montenegro, Claudio E., 'New Estimates for the Shadow Economies all over the World', 2010.

### Илустрација 1. Одделни даночни стапки за Југоисточна Европа, 2015




***Извор:*** *Trading Economics, tradingeconomics.com*

да се затајува, бидејќи Хрватска, со највисоки даночни стапки има најниски стапки на затајување, додека Косово, со најниски даноци, има највисока стапка на затајување (Илустрации 1 и 2). На оваа контрадикција меѓу повисоките даночни стапки и пониската скриена економија е укажано порано, кога се споредувани нордиските држави со Југоисточна Европа, но овој пат, споредбата доаѓа од многу слични земји, кои до пред скоро време беа дел на една федерација. Тоа се припишува на фактори како нивоа на приходи, даночен морал и задоволство од јавните услуги.[13] Даночниот морал е поврзан со перципираниот квалитет и довербата во институциите и очекувањата кои се однесуваат на она што го прават другите[14].

Некои сметаат дека даночното затајување е психолошки даночен договор меѓу граѓаните и вла-

### Илустрација 2. Вработувања во скриената економија (% од оние вработени на примарното платено работно место, за кое барем едно од подолните тврдења е вистинито)




***Извор:*** *Истражување на СЕЛДИ за скриената економија, 2016*[15].

[13] Hanousek, J. and Palda, F., 2003. Why people evade taxes in the Czech and Slovak Republics: A tale of twins. *The Informal Economy in the EU Accession Countries: Size, Scope, Trends and Challenges to the Process of EU Enlargement. Sofia: CSD*, pp. 139-174.

[14] Riinvest Institute, 'To pay or not to pay – A business perspective of informality in Kosovo', 2013, http://www.fes-prishtina.org/wb/media/Publications/2013/BUSINESS_INFORMALITY__ENG_FINAL.pdf

[15] Репрезентативните примероци се следниве: Албанија (1050), Босна и Херцеговина (1007), Бугарија (1008), Македонија (1001), Хрватска (955), Косово (1000), Србија (1061), Црна Гора (1040) и Турција (1219). Теренското истражување е спроведено од јануари до февруари 2016 година со професионални интервјуа. Повеќе информации за применетата методологија се достапни на барање до секретаријатот на СЕЛДИ.

стите, под влијание на фактори како образование, географија и возраст[16]. Ако околу половина од граѓанската работна сила (како во случајот со Турција и Босна и Херцеговина) е надвор, или на маргините на формалниот систем на социјално осигурување 15 години, **во новите генерации веќе ќе биде вграден нов морал.** Во таквите семејства, **довербата во институциите е многу ниска** и во одредени случаи, може да дегенерира во активна недоверба и опозиција, поттикната со чувства на припадност кон друга земја или нација. Ова е сè уште широко распространето во регионот.

Додека даноците во ЈИЕ се генерално ниски, **трошоците за нивно администрирање** можат да бидат поголеми од предностите, како во случајот со Албанија (компаниите ја гледаат администрацијата на даноците, а не самите даноци, како пречка) и со Бугарија (каде даноците се едни од најниските и најмалубројни, но административното спроведување е многу скапо за малите и средни претпријатија), или со Босна и Херцеговина (каде што комплексноста на даноците е огромна[17] заради организацијата на земјата, конфликтните институции и политичката нестабилност).

Релативниот сооднос на различните даноци сугерира различни шаблони меѓу земјите од Југоисточна Европа и ЕУ, каде што општеството во целина плаќа релативно повеќе од деловниот сектор. Во 2012 година, луѓето во Југоисточна Европа плаќале меѓу 2,05 % (Македонија и Босна и Херцеговина) и 4,61 % (Србија) како персонален данок на личните приходи како дел во БДП. За регионот, ова е просек од само 3 %, четирипати помалку отколку во Литванија и Италија, а половина отколку во Португалија. Затоа, дури и само врз основа на овие податоци, може да се тврди дека има значително непријавување на приходи (плати или заработки од самовработување) и, како последица на тоа, придонеси за социјално осигурување. Додека разликите меѓу земјите на ЈИЕ кои се базираат на приходи од данок на приход како удел во БДП се мали (само 2,56 проценти), системите за социјално осигурување значително се разликуваат. Најниското ниво на финансирање е во Албанија (околу 4 % од БДП), а највисокото во Босна и Херцеговина (околу 16 % од БДП). Рангирањето на земјите соодвествува на стапките на социјално осигурување кои ги плаќаат вработените – од 11,2 % во Албанија, па до 31 % во Босна и Херцеговина на оданочениот приход. Ова може да се интерпретира и според повисоките даночни јазови во личните приходи и социјалното осигурување во однос на ДДВ во регионот, и поради тоа што компаниите се подобро позиционирани за избегнување даноци, додека поединците кои сакаат да си ги намалат трошоците за даноци обично имаат само една опција – затајувањето.

## Шаблони на скриената економија во ЈИЕ

Покрај огромните разлики меѓу нивоата на затајување, кои изнесуваат од 19 % за оние вклучени во економски активности во Хрватска, до 81 % кај оние во Косово (Илустрација 3), земјите имаат различни шаблони на затајување, па оттаму и различни проблеми со кои треба да се справат. Има големи варијации низ регионот во однос на тоа колкумина од оние вработени **работат без договор.** Во Хрватска, Македонија, Бугарија и Босна и Херцеговина овие нивоа се ниски (под 5 %), а во Албанија, Србија и Црна Гора (15 %, 17 % and 11 % за секоја), умерени или околу регионалниот просек (15 %). Во Турција (41 %) и во Косово (31 %) тие се највисоки. Повеќе од половина од сите скриени вработувања во Турција се карактеризираат со отсуство на формален договор. Главната причина за ова е избегнувањето на плаќање на социјално осигурување. Слично на ова, повеќе од една третина од сите вработени кои се кријат од властите на еден или на друг начин во Србија, Косово и Албанија немаат работни договори. Немањето договори не е само симптом на скриено вработување и затајување даноци. Тоа исто така сигнализира и **неефикасни пазари на работна сила,** недоволна заштита и ниско ниво на доверба во судскиот систем. Вработените без договори често работат значително подолго работно време (вклучително и ноќни смени, викенди и празници), без дополнителен надоместок, не користат боледување и се заробени на своите работни места без можност за нагорна мобилност. Кога работниците ќе решат да си заминат (да сменат работно место), често не ја добиваат последната месечна плата или ја до-

[16] Feld, Lars and Frey, Bruno, ‘Tax Evasion, Tax Amnesties and the Psychological Tax Contract’, 2007.

[17] Даноците кои се плаќаат на платите во Република Српска значително се разликуваат од оние во Федерацијата Босна и Херцеговина: 56 % наспроти 73 % на нето платите.

**Илустрација 3. Различни видови скриено вработување во Југоисточна Европа**




***Извор:*** *Истражување на СЕЛДИ за скриената економија, 2016.*

биваат само сумата која е официјално наведена во нивниот договор. Бугарија може да биде **позитивен пример** за другите во регионот, бидејќи успеа да се справи со недостатокот на работни договори дури и пред да пристапи на ЕУ, преку комбинација на задолжителна регистрација на договорите и интензивни, постојани инспекции.

Скоро сите Косовари кои се во скриеното вработување исто така сосема ги затајуваат **плаќањата на здравственото осигурување** (87 %). Причината за ова е нивното незадоволство со пристапот кон здравствените услуги и нивниот квалитет (особено во руралните области), и раширената корупција[18]. Другите земји од регионот кои се соочуваат со големи ограничувања во финансирањето на своите системи за здравствена заштита се Црна Гора и Албанија, каде секој трет со скриено вработување не плаќа никакви придонеси за здравствено и социјално осигурување.

Во просек, 20 % од работниците со договори во СЕЛДИ примаат **плата во кеш**, т.е. повисока сума (која не се пријавува на властите) од онаа која е наведена во нивните работни договори. На едниот и на другиот крај во ова се Турција со преку 40 % и Хрватска со само 8 %. Скоро половина од сите оние кои учествуваат во скриената економија во Турција плаќаат социјално осигурување на минимална плата и заштедуваат на разликата со нивната реална плата. Проблемот е сличен во Србија и во Босна и Херцеговина, каде меѓу 35 % и 38 % од оние активни во скриената економија плаќаат социјално осигурување на минамалната плата. Во Македонија, една третина од работниците користат слична тактика.[19]

Учеството во скриеното вработување е понекогаш прашање на избор, но најчесто е зајакнување на општествената мрежа која создава одреден даночен морал. Споредено со официјалната економија, луѓето кои се вработени во скриената економиоја во Југоситочна Европа се малку помлади (во просек по 2 години), поверојатно се мажи (62 %), а познаваат и други кои исто така кријат приходи од властите. Разликата во возраста е заради учеството на младите (под 30-годишна возраст) во скриеното вработување, па така се побројни од оние со формални работни места. Овој наод има важни импликации врз политиките на работа, бидејќи често мерките на политиките на работа се чинат наменети за индивидуални трансакции (вработувања или пријавување на приходи) и не ја одразуваат **општествената вкоренетост на феноменот.**

*Истражувањето на СЕЛДИ за скриената економија за 2016 година* открива дека **луѓето во ЈИЕ заработуваат повеќе во формалната отколку во**

[18] *Uka, Fitim. "Satisfaction with Health care Services and Perceptions on Presence of Corruption". UNDP.*

[19] *Hit and Miss – The Dynamics of Undeclared Labour in Macedonia*, CSD and CRPM, Policy Brief No. 31, November 2014, p. 11.

**скриената економија** и покрај широко распространетото верување дека спротивното е вистина. Нетото е од 50 % во Босна и Херцеговина до 30 % во Албанија. Изненадувачки, во Бугарија и Косово, нетото е во негатива, што покажува дека вработените во скриената економија заработуваат повеќе од оние кои се целосно формално вработени, па ова може да укажува на сериозни проблеми со даночните политики и неучество или недоволна доверба кај оние кои заработуваат повеќе во формалната економија (Илустрација 4). Оние кои работат на работни места кои нудат повисока плата имаат образование и вештини на ниво на постдипломци (магистранти) и почесто се наоѓаат во формалната економија. Во Црна Гора, најниско вработениот во скриената економија заработува во просек 36 % од просечниот приход на најниско вработениот во официјалната економија[20]. Како што скалата оди погоре, јазот се намалува, но приходите кои се заработуваат во неформалната економија никогаш не ги надминуваат оние во формалната.

### Илустрација 4. Нето плата во формалната економија наспроти скриената економија




***Извор:*** *Истражување на СЕЛДИ за скриената економија, 2016.*

*Истражувањето на СЕЛДИ за скриената економија за 2016 година* покажува дека луѓето во ЈИЕ кои се дел од скриената економија работат подолго работно време од оние во формалната, повеќе работат и дома и во приватни простории, и се порелаксирани (некритични) кон моралот во општеството (не веруваат дека во општеството има сериозна морална криза). Сепак, нивното чувство на **среќа** е малку пониско од просекот во земјата, иако ова не влијае на нивното субјективно самопозиционирање во општествената хиерархија. Единствениот исклучок е Македонија, каде скриеното вработување значително ја намалува самодовербата во однос на местото во општеството.

Оние во скриеното вработување во ЈИЕ се почесто предмет на **коруптивни притисоци,** и поради инциденти поврзани со работата (инспекции кои откриваат нерегуларности и издаваат казни) и прашања поврзани со домот (пристап до здравствени услуги, финансии, и пристап до образование, кои бараат платени давачки за социјално и здравствено осигурување или пак услуги купени под маса). Во просек, јазот на коруптивните притисоци е 5 %, но во Босна и Херцеговина е до 25 % и во Црна Гора до 14 % (Илустрација 5). Коруптивните притисоци се исто така поврзани со способноста за плаќање, бидејќи во целиот регион тие имаат најмалку влијание врз невработените.

### Илустрација 5. Притисок на корупцијата (удел на оние во одредени ситуации со вработување)




***Извор:*** *Систем за следење на корупцијата на СЕЛДИ, 2016.*

Клучна порака од анализата на Истражувањето на СЕЛДИ за скриената економија за 2016 е дека **општествената и пазарната вкоренетост на феноменот на скриената економија** е она што бара последователни мерки на политиките на работа и подобрување на севкупното ниво на спроведување на владеењето на правото во општеството. Фирмите кои почнуваат нерегистрирани и поминуваат повеќе време работејќи во сенка имаат значително поголеми годишни продажби, стапки на раст на вработувањата и на продуктивноста,

[20] UNDP, National Human Development Report for Montenegro, Informal work: from challenges to solutions, 2016.

во споредба со оние кои од почеток се регистрирани[21].

Како последица на ова, строгата контрола на новите бизниси може да биде лоша за развојот. Пристапот кој би помогнал да се формализира цела група компании кои зависат од комплексна мрежа на општествени односи, вклучително и неформални инвестиции преку дознаки од странство (како во Македонија, Косово и Босна и Херцеговина) може да биде поефективна од трудовите и даночните инспектори кои спроведуваат рации (што често создава поголем коруптивен притисок и резултира со осиромашување на скриените бизниси и вработени).

## Улогата на минималната плата

Друг важен наод од анализата е дека минималните плати имаат економска логика (освен што се праг за собирање приходи од оние кои имаат формални договори) само за две земји, Албанија и Турција, каде 26 % и 28 % од вработените добиваат минимална плата, а вкупно 39 % и 70 % од вработените за секоја земја **плаќаат социјално осигурување на оваа минимална плата** (Илустрација 6). Во сите други земји, соодносот на вработените кои примаат минимална плата е меѓу 2 % (Косово) и 11 % (Хрватска). Само во Србија има значителен број вработени (22 %) кои добиваат повисоки плати од минималната, но кои пријавуваат минимална плата како приход при плаќањата на социјалното и здравствено осигурување. Во многу случаи, владите ги врзуваат конкретните цени на јавните услуги и платите на јавните службеници за минималната плата. Затоа, со зголемување на минималната плата, тие ги зголемуваат јавните приходи и (прекутно) трошат повеќе на јавната администрација. Извештајот за човечкиот развој за Црна Гора за 2016 година[22] потврдува дека построгото спроведување на минималните плати за неформалните работници може да биде голем терет за самовработените (повеќето во најниските групи) заради поврзаните трошоци кои би биле обврзани да ги платат на владата. Затоа, подготвувачите на политиките на работа во регионот треба внимателно да ги проучат нивоата на приходи, особено за најсиромашните 20 % од вработените, кои заработуваат вкупно меѓу 5 % (Романија и Македонија) и 9 % (Косово и Албанија) од вкупниот приход кој го заработуваат во секоја земја на СЕЛДИ. Зголемувањето на минималната плата за овие луѓе со পониски примања може да значи негативна промена на социјалниот статус, заради зголемено трошење на услугите врзани со минималната плата (медицински услуги, плаќање за градинка и различни административни услуги).

**Илустрација 6. Улогата на минималната плата во личните приходи и социјалното осигурување во ЈИЕ security payments in SEE**




***Извор:*** *Истражување на СЕЛДИ за скриената економија, 2016.*

Во Србија, на пример, соодносот на минималната во однос на просечната плата бил 50,1 % во февруари 2016 година, што е многу високо според меѓународни стандарди. Ова ниво се достигна уште во 2012 година, за време на парламентарните избори, како отстапка на владата кон синдикатите за да се обезбеди политичка поддршка за владеачката коалиција. Одредувањето висока минимална плата доведе до намалување на побарувачката за ниско квалификувана работна сила и доведе до зголемување на нивото на непочитување на регулативите кај бизнисите. Како резултат, имаше намалување на формалното и зголемување на скриеното вработување.

[21] Williams, C.C., Martinez-Perez, A. and Kedir, A.M., 2016. Informal entrepreneurship in developing economies: the impacts of starting-up unregistered on firm performance. Entrepreneurship Theory and Practice.

[22] UNDP, National Human Development Report for Montenegro, Informal work: from challenges to solutions, 2016.

**Илустрација 7. Динамика на минималната плата во ЈИЕ (2012 – 2016 мерено на полугодишно ниво)**




***Извор:*** *Евростат, 2016.*

Повисоката минимална плата и последователно, повисокиот минимален праг за придонеси за социјално осигурување, доведе до зголемена мотовација за криење на приходите, што не можеше да бидат компензирани со придонесите наменети за сиромашните домаќинства и на крај ги спречи работниците со ниски примања во скриената економија да ја легализираат својата работа.[23]

# Препораки за политики

- Земјите треба да планираат и спроведуваат **сеопфатни програми за легализација, да определат редослед** на комплексни мерки за да ги **придвижат** непријавените или делумно пријавените бизниси **кон** целосна усогласеност, подредувајќи ги со начелата на **фер транзиција или процедурална правда**, **заштита при вработување и ублажување на негативните ефекти** од скриената економија. Овие програми очигледно ќе се разликуваат од земја до земја, но би користеле и директна и индиректна контрола и би биле насочени и кон понудата и кон побарувачката на активностите на скриената економија (работна сила, продажба).
- Сите **национални тела за статистика** треба внимателно да ја спроведат методологијата на Евростат/ОЕЦД за **опфаќање на невидливата економија и прилагодување кон БДП** и објавување на навремени и сеопфатни описи на пропуштено значење по видови на неискористеност и економски сектор.
- Употребата на **отсликувањето на статистичките податоци** според добро дефинираните алгоритми може да придонесе и за **правичноста на процесот** на спроведување и за брзо постигнување на целосна сообразност/усогласеност во однос на увозот и извозот.
- **Давање на приоритет и секвенционирање на реформите во областите на даночните јазови,** кои го имаат **најсилното негативно социјално влијание (**на пример, затајување на здравствено осигурување во Косово*, непостоечки договори за работа во Турција и затајување на давачките за акциза во Босна и Херцеговина и Албанија**).** Бизнисите и граѓаните треба **опсежно да се консултираат** во врска со овие области, така што општеството во целина ќе се чувствува **ангажирано** во потребните реформи и со што и ќе се подигне нивната **доверба во институциите.** Вршење на **редовни оценки на даночниот јаз** (вклучувајќи и по вид на данок), согласно заедничка методологија и приспособување на политиките според наодите.
- Дизајнирање на политики насочени кон **формализација на целиот синџир на економската вредност** (или значителни негови делови) и **кластери на економските субјекти и односи**, спротивно на фокусирање на легализација од случај до случај, со зголемување на казните и директна контрола на несообразност. Реформите треба да се справат со социјалната вграденост на скриената економија, нејзината културна и образовна предодреденост.
- Во земјите кои поттикнуваат дознаки (на пример, Македонија, Косово* и Босна и Херцеговина), заинтересираните страни треба да дизајнираат програми за **намалување на трошоците за пренос на дознаките од странство, и да ги поклопат шемите на домашните развој на претприемништвото и странските донаторски програми**, да нудат специјални поволности за легализирање на работници во странство.

[23] J. Koettl: *Does formal work pay in Serbia? The role of labour taxes and social benefit design in providing disincentives for formal work*, Technical Note, World Bank, 2010, p. 9.

- **Поголемо потпирање** на технологија (електронски плаќања, фискални каси со фискална меморија поврзани во реално време со агенциите за приходи, електронско поднесување на даночните формулари, единствени точки за контакт, итн), автоматизација и алгоритми (профилирање ризик и земање мостри за проверка), **а помало на личниот суд.**
- Земјите од ЈИЕ треба да **соработуваат** едни со други, особено за **прекуграничните прашања** поврзани со скриената економија – трговија и патување.